# Бог не е пристрасен

**Упатство:** Седни на тивко место и прочитај ги стиховите што се дадени подолу. Додека читаш, замисли си дека си во тоа време и на тоа место. Претстави си ги околината и луѓето. Слушај ги гласовите. Соживеј се со чувствата на главните ликови. Живо претстави си ги настаните.

**Главни ликови:** Корнелиј и Петар.

**Кратка содржина:** Петар покажува дека е непристрасен како Бог со тоа што му проповеда на Корнелиј, кој не е Евреин.

## ❶ *АНАЛИЗИРАЈ ЈА СЦЕНАТА. (ПРОЧИТАЈ ДЕЛА 10:1-35, 44-48.)*

Како си го замислуваш Корнелиј? ____________________________

Според стиховите 3 до 6, што мислиш, како се чувствувал Корнелиј додека зборувал со ангелот? ____________________________

Што мислиш, за што разговарале Корнелиј и неговите слуги, како што е запишано во стихови 7 и 8? ____________________________

## ❷ *РАЗМИСЛИ ПОДЛАБОКО.*

Од стиховите 10–16 гледаме дека Петар ги сфатил работите дури откако му биле објаснети со еден пример. Зошто тој пример му помогнал на Петар? (Мала помош: Земи предвид дека Петар по потекло бил Евреин, како што се гледа од 14. стих.) ____________________________

Која особина на Корнелиј се гледа во 25. стих? Зошто таа особина е ретка кај луѓето што се на таква положба? (Мала помош: Види го 1. стих.) ____________________________

Истражувај темелно и дознај од колку луѓе се состоела четата со која заповедал Корнелиј.

Зошто тоа што Корнелиј станал христијанин е од особено значење?

### ③ ИЗВЛЕЧИ ПОУКА. ЗАПИШИ СИ ШТО НАУЧИ ЗА...

тоа зошто е добро да се користат примери:

Божјата непристрасност:

тоа како можеш и ти да бидеш непристрасен:

### ④ ШТО ТИ ОСТАВИ НАЈСИЛЕН ВПЕЧАТОК ОД ОВОЈ ИЗВЕШТАЈ, И ЗОШТО?



www.jw.org © 2010 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania